ЈП „ПЛАВАЈА“ – РАДОВИШ
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
Ул: „Свети Спасо Радовишки“ бр:32, 2420 Радовиш
ЕДБ: МК4023999108401, Жиро сметка: Тутунска Банка 210052660250146
Телефони: (+389) 032/635-323, Факс: 032/635-201
www.plavaja.com.mk, plavaja.radovis@gmail.com

Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр.0204-4651/1
20.08. 2021 год.
Радовиш

Врз основа на член 41 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ,, бр. 42/20) В.Д Директорот на ЈП Плаваја Радовиш донесе:

# О Д Л У К А

## За определување на офицер за заштита на личните податоци

1. Лицето Страхил Гавритов, вработено на работното место Раководител на Сектор за контрола за корисници во ЈП Плаваја Радовиш се определува за офицер за заштита на личните податоци во ЈП Плаваја Радовиш.
2. Офицерот е овластен да ги врши следните работи:
   - Информирање и советување на контролорот/обработувачот и вработените кои вршат обработка за нивните обврски според одредбите од ЗЗЛП;
   - Следење на усогласеноста со ЗЗЛП, со други закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во РС Македонија, како и со политиките на контролорот/обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци,
   - Изработување на интерните прописи за заштита на личните податоци,
   - Давање совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со ЗЗЛП,
   - Соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци,
   - Контактира со Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи и претходната консултација согласно со ЗЗЛП, како и советување според потребите за сите други прашања,
   - Контактира со субјектите на личните податоци за сите прашања поврзани со обработката на нивните лични податоци и за остварувањето на нивните права според ЗЗЛП,
   - Предлага обуки за вработените во врска со заштитата на личните податоци и врши и други должности и задачи утврдени со ЗЗЛП, подзаконските прописи и интерни акти за заштита на личните податоци.
3. Офицерот е должен да ја почитува тајноста или доверливоста во однос на извршувањето на своите работи во согласност со закон,
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ЈП Плаваја Радовиш
В.Д Директор
Дејан Крстев

Јавно претпријатие за комунални дејности ПЛАВАЈА П.О. Радовиш